Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по ***географија*** за VIII (осмо) одделение на деветгодишното основно образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГЕОГРАФИЈА

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, февруари 2018 година

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет кој го проучува подрачјето на географската наука се изучува во вториот развоен период во VI одделение и третиот период: VII, VIII и IX одделение на деветгодишното основно образование.

Следејќи ја научната, односно стручната систематика и научната терминологија, како и карактеристиките на учениците и наставниот процес, наставните програми по географија се замислени така што ги развиваат содржините од помалку сложени кон посложени (длабочината и широчината на знаењата се зголемува со возраста на учениците).

Прочувањето на географијата како наставен предмет има за цел да им овозможи на учениците да стекнуваат основни знаења за Земјата, значењето и поврзаноста на природните елементи и општествените појави и процеси во современиот свет, развивање и негување на географскиот начин на мислење и развивање на социјално ефективни способности на ученикот.

Наставната програма по предметот *географија* се надоврзува на претходно совладаните наставни програми по: светот околу нас, природа и општество.

Наставниот предмет географија се изучува како задолжителен наставен предмет со 2 часа неделен фонд (72 часа годишно) во VI, VII, VIII и IX одделение.

Наставата по географија треба да се изведува според следните принципи:

- поучување насочено кон учењето на ученикот;
- самостојно учење и истражување на секој ученик и преку заедничко учење во група;
- почитување на принципите на активната настава;
- постојано следење на напредувањето на секој ученик од страна на наставникот и давање на редовни информации за напредувањето;
- самооценување на сопственото напредување на секој ученик.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува да ги запознава основните универзални географски закони и поими;
- да ја разбира поврзаноста на географијата со природните и општествените наставно – научни дисциплини;
- да стекнува, претстава и да усвојува знаења за објектите, појавите и процесите преку конкретни примери;
- да се воведува во соодветна стручна терминологија од областа на географијата со разбирање на значењето;
- да го разбира и применува размерот, техниките и инструментите за ориентација на физичките и стопанските карти;
- да открива и прикажува факти за изворите, формите, состојбите и промените во географскиот простор;
- да ги анализира и поврзува природните и општествените фактори како елементи за развојот на географскиот простор;
- да претставува бројчани податоци во вид на табели, дијаграми, скици и да умее да ги интерпретира низ наставата;
- да се запознае со географската положба на континентот Европа на Земјата;
- да умее да ги опишува граничните линии и бреговата разгранетост на континентот;
- да се запознае со каарактеристиките на релјефот на Европа;
- да стекне основни знаења за климата и хидрографијата на континентот;
- да стекне основни знаења за  разместеноста на растителниот и животинскиот свет во Европа;
- да осознае за регионалната поделба на Европа;
- да се запознае со демографските карактеристики на населението на континентот;
- да умее да ги лоцира главните и поголемите градови во државите на Европа;
- да стекнува знаења за стопанско-географските карактеристики на Европа;
- да се запознае со проблемите на загадувањето и заштитата на животната средина во државите во Европа.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА - 15 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознае со општите географски карактеристики на Европа;<br>– да се запознае со местоположбата на Европа, нејзините граници и големина;<br>– да ги опишува природните граници на Европа;<br>– да ја опишува бреговата линија на Европа;<br>– да ги препознава полуостровите и островите на Европа;<br>– да се запознае со морињата кои го опколуаат континентот; | - Географска положба, граници и големина на Европа<br><br>- Брегова разгранетост на Европа | Европа<br>Континент<br>Географска положба<br>Граници и природна гранична линија<br><br>Брегова линија<br>Полуостров и остров<br>Заливи и фјордови<br>Протоци | – Користење физичка карта на Европа и светот за опис на граничната линија.<br>– Објаснување на карта на местоположбата на Европа во светот, географските карактеристики и релјефот.<br><br>– Опишување на карактеристиките на бреговата линија на Европа.<br>– Користење на Google Earth за визуелно согледување на разгранетоста на бреговата линија на континентот. | – Дава осврт за границите и географската положба на Европа во светот;<br>– на карта на Европа ја покажува границата меѓу Европа и Азија;<br>– дефинира и објаснува за бреговата разгранетост на Европа;<br>– идентификува во кои делови на Европа преовладува плански релјеф;<br>– дава осврт за младите верижни и старите грамадни планини; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| – да ги покажува на карта поголемите протоци и канали;<br>– да ги опишува релјефните карактеристики на Европа и да стекнува претстава за поголемите релјефни целини на континентот;<br>– да стекне знаење за климатските услови на Европа;<br>– да ги препознава просторите со одредени климатски услови;<br>– да се стекне со знаења за вегетацијата во Европа;<br>– да разликува и категоризира климатски фактори и климатско-вегетациски области во Европа; | - Релјефни карактеристики на Европа<br><br>-Влијанието на климатските фактори врз климата на Европа<br><br>-Климатско-вегетациски области во умерениот топлински појас во Европа<br><br>-Климатско-вегетациски области во студениот топлински појас во Европа | Планински масиви<br>Низини<br>Котлини<br>Дини<br>Плато<br>Превали<br><br>Климатски типови<br>Климатски појас<br>Степа<br>Тајга<br>Тундра<br><br>Хидрографија<br>Водни ресурси | – Изработка на тематски прегледи од собрани текстови за географските карактеристики на Европа.<br>– Објаснување со помош на географска карта на распространетоста и карактеристиките на климатско-вегетациските зони во Европа.<br>– Изработка на климатско-вегетациона карта на Европа. | – на карта на Европа ги покажува поголемите котлини и низини;<br>– ги разликува климатски фактори и климатско-вегетациските области;<br>– дава осврт за различните климатски типови во Европа;<br>– ги пронаоѓа најзначајните хидрографски објекти во Европа;<br>– оспособен/а е за стекнување нови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - да ги покажува на карта поголемите реки и речни сливови во Европа;<br>– да ги пронаоѓа поголемите езера и да го објаснува нивното значење во Европа. | -Речни сливови и реки во Европа<br><br>-Езера во Европа | | – Користење географска карта за опишување на хидрографијата на Европа.<br>– Користење на Google Earth за визуелно препознавање на хидрографиајта на Европа.<br>– ИКТ презентации. | знаења за континентот;<br>– оспособен/а е за визуелно согледување на различни карти преку Google Earth. |

| ТЕМА II: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА - 9 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ги запознае основните карактеристики на населението на Европа (број на жители, густина на населеност, природен прираст, расни групи и народи);<br>– да ги запознае и воочува разликите на народите според нивната јазична и верска припадност;<br>– да се запознае со различната култура, традициите и обичаите на народите во различни делови на Европа;<br>– да ги запознае најголемите европски градови и разликите меѓу европските села;<br>– да се запознае со регионалната и територијалната поделба на Европа; | -Основни карактеристики на населението во Европа<br>-Јазична и верска припадност и разноликост на населението во Европа<br>-Култура, традиција и обичаи на населението во Европа<br>-Населби во Европа | Население<br>Густина на населеност<br>Природен прираст<br>Расни групи<br>Народи<br>Јазични групи<br>Верска припадност<br>Обичај<br>Традиција<br>Култура<br>Регија<br>Држава<br>Главен град<br>Република | – Наставникот ги појаснува поимите од содржината.<br>– Дава насоки за анализа од карта.<br>– Објаснува и демонстрира на карта за густина на населеност, природен прираст и расни групи и народи.<br>– Наставникот објаснува за јазичната и верската разноликост.<br>– Класифицира народи според јазични групи и верска припадност.<br>– Иницира разговор.<br>– Објаснува за разликите во културата, традицијата и обичаите кај различните народи.<br>– Поттикнува на истражување и размена на знаења помеѓу учениците за разлките во обичаите, културата и традицијата според верската припадност.<br>– ИКТ-истражување за европските населби. | – Објаснува за основните карактеристики на населението во Европа;<br>– ги разликува народите според јазичната и верската припадност;<br>– ги објаснува различните култури, традициите и обичаите на народите во различни делови од Европа;<br>– ги идентификува најголемите европски градови и разликите меѓу европските села;<br>– ја објаснува регионалната и територијалната поделба на Европа;<br>– ги покажува на географска карта региите, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| – да ги покажува на географска карта региите, државите и нивните главни градови;<br>– да се запознае со видовите уредување на државите во Европа. | -Регионална и политичко-територијална поделба на Европа | Кралство<br>Кнежевство | – Собирање податоци и разгледување на разликите помеѓу европските села и градови.<br>– Презентација и разговор.<br>– Објаснува поими, демонстрира на карта за регионите и покажува граници на региони.<br>– Наведува на анализа со користење тематски карти за пронаоѓање држави, главни градови по региони. | државите и нивните главни градови;<br>– објаснува за видовите уредување на државите во Европа;<br>– користи енциклопедии, списанија, Интернет за истражување;<br>– прави корелација со други наставни предмети (историја, биологија, природни науки). |

| ТЕМА III: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЈУЖНА ЕВРОПА - 19 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја запознае географската положба, границите и големината на Јужна Европа;<br>– да ги запознае природно - географските карактеристики на Јужна Европа;<br>– да ги запознае социо-гегорафските карактеристики на Јужна Европа;<br>– да ги запознае државите на Балканскиот Полуостров;<br>– да ги идентификува на карта државите и нивните главни градови;<br>– да ги запознае природно - географските карактеристики на државите на | -Географски карактеристики на Јужна Европа<br><br>**Балкански Полуостров**<br>– Бугарија<br>– Грција<br>– Србија<br>– Албанија и Косово<br>– Хрватска и Словенија<br>– Црна Гора и Босна и Херцеговина<br><br>**Апенински Полуостров**<br>**-** Италија, Сан Марино и Ватикан | -Брегова линија<br>-Полуострови<br>-Острови<br>-Островски групи<br>-Планинински венец<br>-Макии<br>-Полуостров<br><br>-Државни граници<br>-Државно уредување<br>-Родопи<br>-Мусала<br>-Република<br>-Скадарско Езеро<br>-Религија | - Презентација за Јужна Европа.<br>– На карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Јужна Европа.<br>– Наведува на користење атласи за анализа на регионот и определување на карактеристиките.<br>– Power point презентација.<br>– Објаснување за Балканскиот Полуостров, опишува граници, релјеф, клима.<br>– Демонстрирање на карта<br>– Поттикнување на размислување и анализа од карта.<br>– Насочува на истражување.<br>– ИКТ.<br>– Презентација за државите. | – Ја препознава географската положба на Јужна Европа;<br>– ги покажува на карта државите и главните градови на Јужна Европа;<br>– ги разликува оштите природно-географски, социо-географски и стопански карактеристики Јужна Европа;<br>– определува географска положба, граници и големина на Балканскиот Полуостров, државите и главните градови;<br>– ги разликува природно-географските, социо-географските и стопанските карактеристики за државите, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Балканскиот Полуостров;<br>– да ги запознае социо-географските и стопанските карактеристики на државите на Балканскиот Полуостров;<br><br>– да ги запознае природно - географските карактеристики на државите на Апенинскиот Полуостров;<br>– да ги запознае социо-гегорафските и стопанските карактеристики на државите на Апенинскиот Полуостров;<br><br>– да ги запознае природно - географските карактеристики на државите на Пиринејскиот | **Пиринејски Полуостров**<br>-Шпанија, Португалија и Андора<br><br>-Загрозување, загадување и заштита на животната средина на Јужна Европа | | – Објаснување и опишување за карактеристиките.<br>– Демонстрира на карта.<br>– Дава насоки за анализа од карта и споредба на државите.<br>– Дава задача за истражување од Интернет-ИКТ. | главните градови и државното уредување;<br>– ја објаснува географската положба, границите и големината државите на Балканскиот Полуостров;<br>– објснува, опишува и разликува карактеристики и специфичности на државите од Ј. Европа;<br>– идентификува географски објекти;<br>– ги дефинира специфичностите на природно-географските и стопанските карактеристики на земјите од Ј.Европа;<br>– да демонстрира на карта за земјите од Ј. Европа; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Полуостров;<br>– да ги запознае социо-гегорафските и стопанските карактеристики на државите на Пиринејскиот Полуостров;<br><br>– да ја пронаоѓа заемната поврзаност помеѓу географијата и животната средина во Јужна Европа. | | | | – истражува  од Интернет-ИКТ за земјите од Ј. Европа;<br>– ги објаснува сличностите и разликите на населението во Јужна Европа;<br>– воочува разлики помеѓу државите;<br>– ги опишува обичаите, културата и традициите во земјите на Јужна Европа;<br>– ги опишува најзначајните карактеристики на стопанството и развиеноста на туризмот во Јужна Европа. |

| ТЕМА IV: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЗАПАДНА ЕВРОПА - 6 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја запознае географската положба на Западна Европа;<br>– да ги покажува на карта државите во Западна Европа;<br>– да ги опишува карактеристиките на државите во Западна Европа;<br>– да ги запознае основните карактеристики на населението во државите во Западна Европа;<br>– да се запознае со основните карактеристики на стопанството на државите во Западна Европа. | **Западна Европа**<br><br>-Велика Британија и Р. Ирска<br><br>-Франција<br><br>-Бенелукс (Белгија, Холандија и Луксембург) | – Криптодепресија<br>– Естуари<br>– Насипи<br>– Канали<br>– Нафтени платформи<br>– Природни богатства<br>– Туристички дестинации | – Истражување за влијанието и улогата на морињата во животот на луѓето.<br>– Истражување за влијанието и улогата на реките и езерата во животот на луѓето.<br>– На карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Западна Европа.<br>– На карта на Европа ги внесува државите во Западна Европа.<br>– На карта на Европа ги внесува карактеристиките на климата, хидрографијата и вегетацијата на државите во Западна Европа.<br>– Истражува за карактеристиките на стопанството во Западна Европа. | – Ја препознава географската положба на Западна Европа;<br>– ги покажува на карта државите и главните градови на Западна Европа;<br>– ги разликува природно-географските, социо-географските и стопанските карактеристики за државите, главните градови и државното уредување;<br>– го препознава придонесот на големите географски откритија врз развојот на државите во Западна Европа; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | – Истражува за влијанието на големите географски откритија врз државите од Западна Европа. | – оспособен/а е за самостојно стекнување нови знаења за државите во Западна Европа. |

| ТЕМА V: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СЕВЕРНА ЕВРОПА - 5 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја запознае географската положба на Северна Европа;<br>– да ги покажува на карта државите во Северна Европа;<br>– да ги опишува карактеристиките на државите во Северна Европа;<br>– да ги запознае основните карактеристики на населението во државите во Северна Европа;<br>– да се запознае со основните карактеристики на стопанството на државите во Северна Европа. | **Северна Европа**<br><br>-Шведска<br><br>-Норвешка и Финска<br><br>-Данска и Исланд | – Полуостров<br>– Монархија<br>– Фјордови<br>– Ледници<br>– Јазик, култура<br>– Рудни наоѓалишта<br>– Шуми<br>– Гејзери<br>– Хидроенергетски потенцијал<br>– Енергетика<br>– Ирвас | – користи и демонстрира карта на Европа за државите и главните градови во Северна Европа.<br>– На нема карта на Европа ги внесува државите од Северна Европа.<br>– На карта на Европа ги објаснува карактеристиките на климата, хидрографијата и вегетацијата на државите во Северна Европа.<br>– Истражува за карактеристиките на стопанството во Северна Европа.<br>– Дава примери за обичаите и културната традиција на народите во Северна Европа. | – Ја препознава географската положба на Северна Европа;<br>– ги покажува на карта државите и главните градови на Северна Европа;<br>– ги разликува општите природно-географските, социо-географските и стопанските карактеристики на Северна Европа;<br>– ги препознава природно-географските, социо-географските и стопанските карактеристики на државите, главните градови и државното уредување. |

| ТЕМА VI: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СРЕДНА ЕВРОПА - 10 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја запознае географската положба на Средна Европа;<br>– да ги покажува на карта државите во Средна Европа;<br>– да ги опишува карактеристиките на државите во Средна Европа;<br>– да ги запознае основните карактеристики на населението во државите во Средна Европа;<br>– да се запознае со основните карактеристики на стопанството на државите во Средна Европа. | **Средна Европа**<br>-Германија<br>-Полска<br>- Чешка и Словачка<br>-Швајцарија и Австрија<br>-Унгарија<br>-Романија | – Држава<br>– Република<br>– Монархија<br>– Алпи<br>– Алпска клима<br>– Континентална клима<br>– Речна мрежа<br>– Каналска мрежа | – Користи и демонстрира карта на Европа за државите и главните градови во Средна Европа.<br>– На нема карта на Европа ги внесува државите од Средна Европа.<br>– На физичка карта на Европа ги забележува карактеристиките на климата, хидрографијата и вегетацијата на државите во Средна Европа.<br>– Истражува за карактеристиките на стопанството во Средна Европа.<br>– Дава примери за обичаите и културната традиција на народите во Средна Европа. | – Ја препознава географската положба на Средна Европа;<br>– го објаснува релјефот и да ги разликува климатските фактори и климатско-вегетациските области;<br>– ги пронаоѓа најважните хидрографски објекти;<br>– ги покажува на карта државите и главните градови на Средна Европа;<br>– ги разликува општите природно-географски, социо-географски и стопански карактеристики на Средна Европа;<br>– ги објаснува природно- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | – Наведува на користење на атласи за анализа на регионот и определување на карактеристиките на државите.<br>– ИКТ презентации. | географските, социо-географските и стопанските карактеристики на државите, главните градови и државното уредување;<br>– оспособен/а е за самостојно стекнување нови знаења за државите во Средна Европа;<br>– ја споредува стопанската развиеност на регионот Средна Европа со останатите региони од Европа. |

| ТЕМА VII: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ИСТОЧНА ЕВРОПА - 8 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја запознае географската положба на Источна Европа;<br>– да се запознае со политичко територијалната поделба на Источна Европа;<br>– да ги покажува на карта државите во Источна Европа;<br>– да ги покажува и опишува границите на државите;<br>– да ги опишува природните карактеристики на државите во Источна Европа;<br>– да се запознае основните карактеристики на населението во државите во Источна Европа;<br>– да се запознае со основните карактеристики на стопанството на државите во Источна Европа. | **Источна Европа**<br><br>-Русија<br><br>-Украина<br><br>- Белорусија и Молдавија<br><br>-Летонија, Естонија и Литванија | – Континентална клима<br>– Поларна клима<br>– Субполарна клима<br>– Макиа<br>– Поларна врба<br>– Поларна бреза<br>– Депресија<br>– Поларна лисица | – На карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Источна Европа.<br>– На карта на Европа ги внесува државите во Источна Европа.<br>– На карта на Европа ги внесува карактеристиките на климата, хидрографијата и вегетацијата на државите во Источна Европа.<br>– Истражува за карактеристиките на стопанството во Источна Европа.<br>– Дава примери за обичаите и културната традиција на народите во Источна Европа.<br>– Наведува на користење на | – Ја објаснува географската положба, релјефот и климатските карактеристики во Источна Европа;<br>– ги пронаоѓа најважните хидрографски објекти во Источна Европа;<br>– ги покажува на карта државите и главните градови на Источна Европа;<br>– ги разликува општите природно-географски, социо-географски и стопански карактеристики на Источна Европа;<br>– ги објаснува природно-географските, социо-географските и стопанските карактеристики на државите , главните градови и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | атласи за анализа на регионот и определување на карактеристиките на државите.<br>– ИКТ презентации. | државното уредување. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови за реализација на наставните теми и целини. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата. Со оглед на тоа што составот на учениците во паралелките е хетероген, наставникот треба да практикува диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби на секој ученик и развивање на индивидуалните потенцијали и постигања.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина – објекти и појави во природата;
- енциклопедии, атласи и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства.

Современата дидактичка технологија во наставата по географија покрај користењето на разни географски карти, дава исклучителни можности за користење на компјутер, односно широка примена на геоинформатиката во наставата по географија. Исто така, во наставата може да се користат и немите карти, географска читанка, прирачник за наставата и др.

Усвоените нови поими ќе претставуваат надградување и проширување на веќе стекнатите поими. Интерпретацијата и описите од страна на учениците неопходно е да бидат поттикнувани од наставникот на начин кој одговара на индивидуалните карактеристики на ученикот. Изразувањето може да биде и преку: говор, есеј, илустративни методи, изработки на шеми, графикони итн. Употребата на имиња и цифрени податоци треба да биде сведена на разумно ниво. Интеграцијата на географијата со другите наставни предмети ќе се остварува во сите ситуации во кои е присутна поголема поврзаност на содржините.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Исто така, редовно се врши информирање на секој ученик, како и на родителите за напредувањето на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Се препорачува да се користат следниве начини за следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

- усно;
- писмено;
- практично (обиди, вежби сл.);
- учество во истражување и презентација.

Учениците се оценуваат со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по географија за VIII ( осмо) одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- студии по географија, наставна насока, VII/1 или 240 ЕКТС;
- ПА или ВПШ, група историја и географија (за наставници коишто реализираат настава во основните училишта а имаат засновано работен однос на неопределено).

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2018 година**.

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***географија*** за VIII (осмо) одделение на деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**МИНИСТЕР**

**______________________________**

**проф. д-р РЕНАТА ДЕСКОСКА**

Изготвил: работна група, со решение бр. 02-123/1 од 21.12.2017
Контролирал: Ивица Гиевски , раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-2645/11 од 28.02.2018 година
Скопје